# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Бр. 106-282/3
15.03.2022 год.
Скопје

До
Министерство за животна средина и просторно планирање

<u>Скопје</u>

Предмет: Мислење по предлог текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за водите

Почитувани,

Во врска со предлог текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за водите, кој е објавен за коментари на Единствениот национален електронски систем на прописи, Ве известуваме за следното:

Групацијата на обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Северна Македонија, на 10.03.2022 година, одржа седница на која се дискутираше предложениот текст на Законот, при што од страна на присутните беа истакнати повеќе барања и предлози.

1. Бараме, Групацијата за обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Северна Македонија да биде дел од работната група за носење на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за водите и подзаконските акти кои ќе произлезат од него. Воедно, согласно утврденото на јавната расправа за измените на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за водите, бараме како Групација работна средба со Министерот и одоговрните во Министерство за животна средина и просторно планирање;
2. Во однос на предложената промена на членот 52, преку кој се врши допрецизирање на надоместокот на штета, односно се исклучува можноста за правото на надоместок за изгубена добивка, би сакале да добиеме појаснување дали тоа подрзабира надомест на штета до висина на инвестицијата вложена до датумот на одземање на дозволата за користење на вода.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

3. Во членот 57 во кој се менува временскиот период за кој се издаваат концесиите за производство на електрична енергија е намалена границата на времетраењето на концесиите за малите хидроелектрични централи. Би сакале да добиеме појаснување за оваа одлука со оглед на тоа што времетраењето на концесиите се врши согласно со претоходно утврдена проекција за исплатливост на конкретен проект.
4. Во врска со предложените измени во чл.213 став 13 алинеја 1, бараме појаснување од кога ќе започне нивната примена и на кого ќе се однесуваат истите, односно дали истите се однесуваат на концесионерите кои претходно имаат склучено договори за концесија или за новите концесионери кои ќе потпишат договори по донесување на овие измени;
5. Групацијата за обновливи извори на енергија предлага новиот член 213, став 13, алинеја 1 од Законот за водите да гласи:

„Предвидениот надоместок што се плаќа за користење на вода при прозводство на електрична енергија, сепресметува врз основа на инсталираната моќност наведена во концесиските договори, преку процент од продажната цена и тоа за:

| **Инсталирана моќност** | **Процент од продажна цена** |
| --- | --- |
| 0 - 499 KW | 0.20% |
| 499KW - 1MW | 0.40% |
| 1.001 MW - 3MW | 0.60% |
| 3.011 MW - 5MW | 0.80% |
| 5.001MW | 1% “; |

6. Групацијата за обновливи извори на енергија смета дека не треба да се додава нов член 54-а „Учество на јавноста во постапката за доделување на концсија", односно дека не треба да се вклучува локалното население и здруженијата на граѓани во постапките за доделување на концесија. Имено, ceниме дека доделувањето и определувањето на концесијата треба да биде одлучено како и до сега, од стручен панел, односно Владата да носи одллуки на кое подрачје да се дава концесија врз база на претходни анализи и извршени студии. Во спротивно, вклучувањето на локалното население и здруженија на граѓани, согласно досегашната пракса и имајќи ги предвид општите

ставови на здруженијата формирани за заштита и унапредување на животната средина во однос на концесиите за малите хидроелектрични централи, ќе го отежне, односно, практично оневозможи процесот на доделувањена концесии за користење на водите.

Со надеж дека ќе го разгледате нашето мислење, остануваме со желба за натамошна соработка.

Со почит,

Претседател,
Тодор Анѓушев с.р.